Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија бр. 58/2000, 44/2002, 82/2008, 167/2010 и 51/2011), а согласно Решение за распишување избор за претседател на Република Северна Македонија и Решение за распишување избори за пратеници во Собранието на Република Северна Македонија објевени во Службен Весник на РСМ бр.37/2024 Министерот за животна средина и просторно планирање го донесе следното:

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА
И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
MINISTRIA E MJEDISIT JETËSOR
DHE PLANIFIKIMIT HAPËSINOR
Бр.-Nr 04-1335/9
06-03-2024 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

# РЕШЕНИЕ

## за мирување на започната постапка за вработувањеe на административни службеници

1. Поради Решение за распишување на Избор на претседател на Република Северна Македонија и распишување на Избори за пратеници во Собранието на Република Северна Македонија објевени во Службен Весник на РСМ бр.37/2024, СЕ СТАВА ВО МИРУВАЊЕ:

   -Постапката по Одлуките за избор на кандидат по објавен јавен оглас за вработување на административен службеник бр.04-1335/2 до 04-1335/7 од 08.02.2024 година, која е конечна на ден 15.02.2024

2. За продолжување на постапка за вработување на административни службеници во Министерството за животна средина и просторно планирање ќе се донесе посебно решение.

## Образложение

На барање на Министерството за животна средина и просторно планирање, Агенцијата за адмнистрација на ден 30.12.2023 во дневните весници „Вечер", „Слободен печат" и „Koha" објави јавен оглас за вработување на 6 административни службеници во Министерството за животна средина и просторно планирање.
Комисијата за селекција за вработување по јавен оглас формирана со Решение на директорот на Агенцијата за администрација број 10-557/1 од 18.01.2024 година и Решение за изменување и дополнување на Решението за формирање на Комисија за селекција за вработување по јавен оглас бр.10-557/4 од 03.02.2024 година, во функција на спроведување на постапката за вработување по објавениот оглас врој 780/2023 во 13:00 часот, во просториите на агенцијата за администрација спроведе адмнистративна

селекција за што сочини Записник од извршена административна селекција за административен службеник број 10-557/2 од 24.01.2024 година. На ден 03.02.2024 година, со почеток во 09:00 часот во просториите на Агенцијата за администрација комисијата за селекција за вработување го спроведе испитот за административен службеник, за што сочини Записник од спроведен испит за административен службеник број 10-557/3 од 03.02.2024 година. На ден 05.02.2024 година, со почеток во 09:30 часот во просториите на Агенцијата за администрација комисијата за селекција за вработување спроведе постапка за проверка на веродостојност на докази и интервју за што сочини Запинсник од спроведена проверка на веродостојност на докази и интервју за административен службеник број 10-557/5 од 05.02.2024 година.

Согласно Предлогот за вработување на кандидатите по јавен оглас број 780/2023 во Минстерството за животна средина и просторно планирање број 10-557/6 од 05.02.2024 година (наш број 04-1335/1 од 07.02.2024 година), донесе одлуки за избор на кандидат по објавен јавен оглас за вработување на административен службеник бр.04-1335/2 до 04-1335/7 од 08.02.2024 година, кои се конечни на ден 15.02.2024 година.

На ден 14.02.2024 година претседателот на Собранието на Република Северна Македонија донесе Решение за распишување избор на претседател на Република Северна Македонија и Решение за распишување избори на пратеници во Собранието на Република Северна Македонија објевени во Службен Весник на РСМ бр.37/2024.

Поаѓајќи од горенаведеното, Министерство за животна средина и просторно планирање, на ден 15.02.2024 година се обрати до Државна комисија за спречување на корупцијата со барање на насоки за постапување по однос на донесување решенија за вработување по правосилност на одлуките за избор.

Врз основа на член 8-а од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија“, број 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 54/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 67/17,125/17,35/18, 99/18,140/18, 208/18, 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“, број 98/19, 42/20, 74/21 и 215/21) а земајќи го во предвид Известувањето од ДКСК бр 04-1559/2 од 28.02.2024 година, се донесе решение како во диспозитивот.

**Министер**
Каја Шукова

Изработил/Përpiloi: Misrete Edipi
Согласен/ Miratoi : Државен секретар/ Sekretar shtetëror
Nebi Rexhepi